Ми се допаѓа 0 +1 0
Tweet 0 Follow @UtrinskiVesnik

03.01.2007, 16:59

# Сивило со малку боја



**За ликовната ситуација на метрополата во 2006 година**

**СОЊА АБАЏИЕВА**

Ако се направи пресек на годинешниот ликовен живот во Скопје, треба да се препишат сите негови хронични болести што не му дозволуваа досега да оздрави. Што е она што налудничаво го подржуваме како континуитет, небаре се работи за вредности без кои не се може? Културата во глобала е ретка сфера за која постојано од странство добиваме позитивни оценки од оние што знаат да оценуваат и разграничуваат, но повиканите во Републикава фактички не ја регистрираат оваа позиција. А во севкупната наша култура, при распределбата на средствата, ликовната уметност како да е најмалата сестра или тринаесеттото прасе. Мнозинството од петстотините творци во ликовната и применетата област, имаат гранична егзистенција, занимавајќи се со периферни, резервни активности, надвор од доменот на кој му припаѓаат. Државата издвојува минимални или никакви средства за откуп на нивните дела (непристојно е да се цитираат бројките). Од друга страна, органите на управата позајмуваат уметнички дела од музејските или галериските збирки за декорирање на работните простории, во услови кои не ги исполнуваат со закон пропишаните стандарди, а на крајот на мандатите, некои од тие дела го менуваат сопственишtвото. Ако овие уметнички колекции, се уште, не се заштитени со Законот за музејска дејност од апетитите на луѓето во власта, тоа треба веднаш да се коригира. Едновремено на пазарот на уметнички дела (ако воопшто можеме вака терминиолошки да го определиме?) циркулираат фалсификати од секаков вид (најчесто творби на основоположниците на македонската модерна уметност) или се изведуваат сомнителни увозно-извозни операции. Вчудовидувачка е констатацијата, дека во тие трансакции учествуваат и галеристи, кустоси вработени во музеите и сликари на кои фалсификувањето им е професија, хоби или и двете заедно.

Не може да се одбегне фактот, дека Министерството за култура, барем досега, ја играше улогата на арбитер и во веќе дефинираните програми на институциите ги уфрлуваше, преку ред и надвор од програмите своите преференции за одредени уметници, односно изложби. Се прашувам, дали во вакви околности, кога нацрт-програмите на институциите се одобруваат од Министерството за култура со задоцнети одлуки од повеќе месеци, може да се планира нешто подолгорочно со некоја странска земја, со некој значаен уметник, а да не се остане посрамотен, било во однос на професионалноста, било во однос на дискрепанцијата меѓу бараните и добиените средства? Оваа стратегија без стратегија има ретроактивно дејство. Затоа и странските држави си земаат слобода да ни нудат изложби во истата година кога се

утврдени плановите и најчесто, ние како држава/институции, ги прифаќаме, иако знаеме дека тоа е кршење на редот и на достоинството, понекогаш и од пуста желба да не се пропушти нешто значајно..

Во Министерството за култура, и кога станува збор за дискреционите права на министерот, неопходна е претходна консултација со професионалци, за да не ни се случува во некоја земја да се презентираме на високо ниво, а потоа да и прикажеме изложба која ја поништува претходната. Ако внимаваме на селективниот и критички пристап, ако играме согласно светските правила го коригираме и односот на другите држави кон нашата, демонстрирајќи национална доблест.

Културна политика за македонската презентација во странство отсуствува на повеќе рамништа: и кај институциите и во министерствата за култура и за надворешни работи., без разлика дали станува збор за македонските културни центри низ светот или за договорените проекти од министерот или од директорите на музеите. Исклучоци има секако, но сега за нив не зборувам.

Под разбирливо голем притисок на творците и во ситуација на буџетска инсуфициенција и несигурност во финансирањето, националните установи, а и градските, ги изедначуваат своите вредносни параметри на ниво на селекција на автори, на ниво на професионални задачи – сите се фокусираат на организирање изложби (ретроспективи, студиски, странски и домашни, групни и самостојни). Се има впечаток како да е идентична статутарната дефинираност на сите установи, а не е така.

Во јавноста и воопшто на ликовната сцена во Скопје, во континуитет се вжештува амбиентот особено кога се врши селекција на наши учесници за светските мега изложби (биеналата во Венеција, Истанбул, Сао Паоло и др). Полемиките без престан се вртат околу начинот на изборот, но факт е, дека досега не сме ја откриле соодветната методологија. Македонската секција на АИКА (Меѓународното здружение на ликовни критичари) годинава покрена трибина за ова прашање меѓу компетентните и во присуство на некои претставници од медиите. Меѓутоа, последниот избор за Венециското биенале ја демонстрира сета бесмисла на заложбите да се дојде до вистинскиот модел. На оваа земја како секогаш да и е поблиска конфронтацијата од усогласувањето.

Нема одек и прашањето зошто ликовната критика е нема или ја нема: мнозинството критичари мислат, дека нејзиниот статус е крајно деградиран или дека критиката никому не му е потребна, а уметниците балансираат меѓу критиката како потреба и критиката како луксуз. Инцидентна и фрагментарна, таа е ставена на периферијата на вниманието, а материјално е минимално или не е воопшто компензирана.

Во ваква клима на инвертирани вредности, пореметени параметри и отсуство на критериуми на ниво на највисоките државни и институционални инстанци останува жива и жилава единствено продукцијата на некои уметници од позрелата генерација ( Благоја Маневски, Ацо Станковски, Томе Аџиевски, Станко Павлески, Ирена Паскали, Мирна Арсовска, Жанета Вангели, Оливер Мусовиќ…). Иако веќе подолго време отсуствува појавата на нови автори со енергија што разгорува и промовира други насоки, автори со поевидентен авторски дискурс, си дозволувам да заклучам, дека годинава младите н извлекоа од депресивниот ликовен ареал. Укажувам на потенцијалот на уметници како Борјан Зафировски, Христина Иваноска, Јане Чаловски, Далибор Тренчевски, Верица Ковачевска, Атанас Ботев, Ѓорѓе Јовановиќ, Никола Узуновски...

Неколкуте групни изложби во "Точка" , меѓу кои ги издвојувам „Армитаж" , „Сурогати", гостувањето на словенечката П.А.Р.А.С.И.Т.Е, ја потврдија потребата од негување на нешто друго. Дополнително го освежија сивилото на бајатата ликовна сцена и малите проекти во Press to Exit галеријата (неколку кураторски концепти, изложбата Lost Highwas Expedition).

Посветеноста на видеото и фотографијата на Националната галерија придонесоа за необично живото темпо на дејствување на оваа институција. Во 2006 година, со исклучок на колективната изложба „Уметникот во разговор: со кого разговара македонскиот уметник?", поголеми и позначајни авторски проекти на македонските историчари на уметноста не видовме.

Државата која промптно внимава на секој свој чекор во странство е бездруго Германија. Изложбите „Интернационална нова градба" и Свесно едноставно – појавата на културата на алтернативниот производ" во организација на Музејот на современата уметност и одличната изложба на Ото Дикс во Мала станица, се докази за германската национална стратегија во културата, пример што треба да н инспирира и инструира.

Во туѓина нашите уметници би-патрити: Глигор Стефанов, Нада Прља, Елпида Хаџи Василева, Никола Узуновски и др. се активни во светската арена на безмилосна конкуренција и компетиција. Но, оваа држава има ли чувство и за овој сегмент на творештвото, што опстојува далеку од нас и со уште повеќе тешкотии и трауми?